# Извештај за работењето на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2011 година

**Скопје, Март 2012**

**I. ВОВЕД 3**

**II. АКТИВНОСТИ ОД ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДЕПОЗИТАРОТ 4**

АКТИВНОСТИ ВО СФЕРАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ 4
УТВРДУВАЊЕ И ПОРАМНУВАЊЕ 5
СОРАБОТКА СО ОВЛАСТЕНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ 5
ИЗВЕСТУВАЊА СОЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 6
ДАВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ НА ИЗДАВАЧИТЕ И ИМАТЕЛИТЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 7

**III. СТАТИСТИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТРАЛНИОТ ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ 8**

ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИЦИ НА АКЦИИ, ОБВРЗНИЦИ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА И ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 8
РАБОТА СО ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 13
УВИД ВО АКЦИОНЕРСКИ КНИГИ 14
ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА 14
ПОДАТОЦИ ЗА ОБВРЗНИЦИ ПО СТАРО ДЕВИЗНО ШТЕДЕЊЕ 15

**IV. ГЛАВНИ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ ШТО ВЛИЈААТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА РАБОТЕЊЕТО 17**

ПРОМЕНИ ВО ОПКРУЖУВАЊЕТО ВО ЧИИ РАМКИ ДЕЈСТВУВА ДРУШТВОТО 17
ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ПОДРШКА НА УСПЕШНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО ВКЛУЧУВАЈЌИ ЈА И ПОЛИТИКАТА НА ДИВИДЕНДИ 17
ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО 18
ПОЛИТИКА НА ОДНОСОТ НА ДОЛГОРОЧНИОТ ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА И ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ 18

# I. Вовед

Во текот на 2011 Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје продолжи со вршењето на своите функции предвидени со Законот за хартии од вредност и Правилата за работа. Во извештајот особено ќе се потенцираат следните активности на Депозитарот во 2011 год:

- активности од тековното работење

- статистички показатели од тековното работење на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје

- главни фактори и околности што влијаат на определувањето на работењето

## II. Активности од тековното работење на Депозитарот

### Активности во сферата на истражувањето и развојот

Во текот на 2011 година извршени се повеќе активности во сферата на истражувањето и развојот на Централниот депозитар за хартии од вредност, како на план на софтверски подобрувања и одговор на барања од домашните и меѓународни институции, така и на план на замена на хардверските компоненти на системот. Ова се позначајните активности:

**Изработка на апликативно решение за потребите на ANNA Service Bureau -** Централниот депозитар за хартии од вредност е членка на Association of National Numbering Agencies (ANNA) и од членството произлегуваат обврски кои треба да ги исполни. Една од најважните е секојдневно доставување на податоци за нови ИСИН и ЦФИ кодови, како и измена и бришење на податоците во врска со постоечките ИСИН и ЦФИ кодови. Оваа секојдневна обврска произлегува од фактот што ANNA располага со централна база на податоци за ИСИН и ЦФИ кодовите од сите членки преку формираниот ANNA Service Bureau чија задача е да ги прибира и сподели ИСИН и ЦФИ кодовите кон своите членки како и надворешни корисници.

Со изработеното апликативно решение податоците се доставуваат секојдневно автоматски, а еднаш годишно се испраќаат податоци за сите активни и избришани ИСИН и ЦФИ кодови.

**Изработка и тестирање на веб сервиси за потребите на КХВ** – На барање на Комисијата за хартии од вредност во текот на 2011 година се изработени повеќе веб сервиси кои се интегрален дел од Системот за дистрибуција на податоците на ЦДХВ за потребите на Комисијата за хартии од вредност.

Потребата од овие веб сервиси се наметна пред се од контролната функција која ја има Комисијата во поглед на следење на учесниците во тргувањето со хартии од вредност. Имено досега КХВ располагаше со податоци за сметките кои учествуваат во тргувањата но не и со податоци за сопствениците на истите сметки. За потребите на Системот за дистрибуција, Депозитарот до КХВ достави комплетна база на сметки и иматели на сметки со состојба 01.03.2011 година, а веб сервисите имаат за цел секојдневно ажурирање на базата со сметки и иматели.

Истовремено се изработи и веб сервис чија функција е ажурирање на базата која содржи податоци за емисиите на хартии од вредност.

**Миграција на Visual Source Safe – базата –**Една од најважните алатки во процесот на развој на апликативните решенија е Source Safe – пакетот за контрола на изворниот код на апликациите.

Source safe – алатката овозможува раководење со изворниот код на начин што во себе ги содржи сите измени на кодот и овозможува враќање на стари верзии. Истотака  Source Safe може да се користи и за други типови на документи (Word, Excel).  Бидејќи Source Safe – базата беше сместена на постар сервер извршена е успешна миграција на истата со што е овозможен континуитет во развојот на апликацијата на ЦДХВ.

**Подготовки за миграција на постоечките апликативни и базни сервери и набавка на софтверски лиценци**

Во текот на 2011 е започнат процесот на набавка на нов апликациски сервер и сервер за база на податоци. Заради одржување на непречено функционирање на депозитарот во текот на 2011 година е направена анализа на постојната состојба на поставеноста на хардверот. Во анализата е согледано дека постојните сервери можат да се искоритат во другите делови на мрежата на Депозитарот, со што постоечката мрежа која има домеин контролер на постар оперативен систем ќе се мигрира кон нов оперативен систем, а со тоа ќе се изврши миграција на сите кориснички компјутери на новиот домеин контролер. За таа цел во текот на 2011 година се набавени и лиценци за софтвер. Набавени се лиценци за Windows Server 2008 R2, лиценци за Microsoft SQL Server 2008, лиценци за Windows 7 за работните станици како и лиценци за антивирусен програм кој е контролиран преку посебен сервер кој во секој момент има ажурна база на вирусни дефиниции.

**Утврдување и порамнување**

Во рамките на тековното работење, во Депозитарот и натаму се спроведуваше непречено утврдувањето и порамнувањето на трансакциии склучени на Македонската берза АД Скопје, порамнувањето на трансакции на ОТЦ пазарот за државни хартии од вредност,  водење на индивидуалните сметки за хартии од вредност, спроведување на нетрговски преноси на сопственост врз хартии од вредност и обезбедување на услуги за издавачите на хартии од вредност.

**Соработка со овластени органи и институции**

Во текот на 2011 г. продолжи со навремено доставување одговори на барања за податоци од страна на овластени државни органи и институции, како Комисијата за хартии од вредност, надлежните судови, Управата за спречување на перење на пари и финансирање тероризам, Управата за јавни приходи, Јавното обвинителство и Јавното правобранителство како и овластени извршители и нотари.

**Известувања согласно Законот за хартии од вредност**

На почетокот на 2011 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на акционерските друштва. Беа испратени 787 акционерски книги (по ИСИН број), до 550 акционерски друштва.

Непречено се одвиваше и редовното годишно известување на имателите на хартии од вредност со состојба на 31.12.2010 година. Во законскиот рок до 31.01.2011 година беа испратени 2018 известувања до правните лица и 13631 известувања до физичките лица. И во текот на годината имателите на сметки кои учествувале во трговските трансакции беа редовно известувани за настанатите промени. Вкупно по овој основ во текот на 2011 година беа испратени 11056 известувања

Низ годината се известуваат и имателите кои купуваат државни хартии од вредност на примарниот пазар. По тој основ се испратени 210 известувања.

Со регистрирањето на десеттата емисија на обврзници за денационализација до имателите се испратени 1038 известувања.

## Давање дополнителни услуги на издавачите и имателите на хартии од вредност

Централниот депозитар за хартии од вредност во текот на 2011 година ги има извршено следниве дополнителни услуги на издавачите на хартии од вредност

| Вид на обврзница | број на пресметки | Износ (МКД) |
|---|---|---|
| Пресметка на рати и камати за обврзниците за денационализација | 9 | 1.399.069.378,00 |
| Пресметка на рати и камати за обврзниците издадени по основ на депонирани штедни влогови (РМ01) | 2 | 2.953.261.121,00 |
| Пресметка на рати и камати за обврзница за гарантирање на инвестицијата за стратешки партнер | 8 | 572.291.975,00 |
| Пресметка на камати и рати за корпоративна обврзница на НЛБ Тутунска банка | 2 | 673.437.015,00 |
| Пресметка на рати и камати за државните обврзници | 8 | 74.818.250,00 |

5.985.512.259,00

Вкупно

Беа регистрирани 12 основачки емисии на новорегистрирани друштва и 13 нови емисии на хартии од вредност на веќе основани акционерски друштва.

# III. Статистички показатели од тековното работење на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје

## Податоци за сопственици на акции, обврзници за денационализација и државни хартии од вредност

Податоци за бројот на иматели на акции, обврзници за денационализација и државни хартии од вредност.

### Иматели на акции, државни хартии од вредност, обврзници за денационализација

| | **Број на сметки на хартии од вредност** | **Број на активни сметки на хартии од вредност** |
|---|---|---|
| Домашни физички лица | 179564 | 98523 |
| Домашни правни лица | 4450 | 2745 |
| Странски физички лица | 1668 | 1391 |
| Странски правни лица | 299 | 230 |
| **Вкупен број на сметки и иматели на акции, државни хартии од вредност, обврзници за денационализација** | 185981 | 102889 |

### Вкупен број на порамнети берзански трансакции во 2011 година по брокерски куќи и банки со дозвола за работа со хартии од вредност (куповна и продажна страна)

| **Брокерска куќа / Овластена банка** | **скратен назив** | **порамнети трансакции** |
|---|---|---|
| Алта Виста брокер АД Скопје | **АВ** | 1813 |
| Ауктор&Хита Брокери АД Скопје | **АК** | 961 |
| Битола Брокер АД Битола | **ББ** | 1065 |
| Бро-Дил АД Скопје | **БД** | 632 |
| Еуро Брокер АД Скопје | **ЕУ** | 1310 |
| Еурохаус АД Скопје | **ЕХ** | 2543 |
| Иново Брокер АД Скопје | **ИН** | 3178 |
| Инвестброкер АД Скопје | **МИ** | 2558 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | **ИЛ** | 11687 |
| Комерцијална банка АД Скопје | **КБ** | 6911 |
| Мој Брокер АД Скопје | **МО** | 2551 |
| Нови триглав АД Скопје | **НТ** | 37 |
| Охридска Банка АД Охрид | **ОХ** | 629 |
| Пеон Брокер АД Скопје | **ПЕ** | 2385 |
| Поштел Брокер АД Скопје | **ПТ** | 1122 |
| Стопанска банка АД Скопје | **СБ** | 1850 |

| | | |
|---|---|---|
| ЦК банка АД Скопје | **СЛ** | 178 |
| ТТК Банка Скопје | **ТК** | 2454 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје* | **ТН** | 2279 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | **ФР** | 511 |

Вкупен број на порамнети берзански трансакции во 2011 година по брокерски куќи и банки со дозвола за работа со хартии од вредност (куповна и продажна страна.

**Број на порамнети трансакции по членка (куповна и продажна страна)**




***Процентуално учество на членките во порамнетите трансакции***



**Купување по членки** (вклучувајќи ги и вкрстените трансакции)




**Продавање по членки** (вклучувајќи ги и вкрстените трансакции)




## Нетрговски преноси

Нетрговските преноси се спроведуваат директно во Депозитарот од страна на операторите на сметки. Овие преноси се резултат на правни дела предвидени со законот како правни основи за нетрговски пренос на сопственост (наследство, подарок), судски одлуки, но и преноси по известувања на издавачите како корисници на услугите на Депозитарот, по основ на запишани и отплатени или неотплатени акции. Прегледот го прикажува бројот на нетрговски преноси во 2011 година по месец.

## Нетрговски преноси по месеци




Податоци за спроведени нетрговски преноси во текот на 2011 година по повеќе основи од кои најчести се по основа на подарок и наследство.

| Година | Наследство | Подарок |
|---|---|---|
| **2011** | 1101 | 443 |

## Резервации

Со цел да се изврши идна продажба на хартиите од вредност, брокерот истите ги резервира, согласно овластувањето дадено од својот клиент, и со тоа се обезбедува дека хартиите од вредност ќе бидат продадени од страна на друг брокер. Графиконот кој следува, го прикажува бројот на регистрирани резервации во 2011 г., по месец.




Во текот на 2011 година се извршени вкупно 17730 резервации.

## Број на резервации по Членка

Во следната табела и графикон се прикажани бројот на резервации извршени од Членките во текот на 2011 година

| Код на Членка | Назив на Членка | број на резервации |
|---|---|---|
| АВ | АЛТА ВИСТА БРОКЕР | 1025 |
| АК | БРОКЕРСКА КУЌА АУКТОР & ХИТА БРОКЕРИ | 363 |
| ББ | БРОКЕРСКА КУЌА БИТОЛА БРОКЕР АД БИТОЛА | 722 |
| БД | БРОКЕРСКА КУЌА БРО-ДИЛ АД | 303 |
| ЕУ | ЕУРО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | 617 |
| ЕХ | БРОКЕРСКА КУЌА ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | 713 |
| ИЛ | БРОКЕРСКА КУЌА ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | 3185 |
| ИН | ИНОВО БРОКЕР | 1264 |
| КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | 3059 |
| МИ | БРОКЕРСКА КУЌА ИНВЕСТ БРОКЕР АД | 831 |
| МО | БРОКЕРСКА КУЌА МОЈ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | 1079 |
| НТ | БРОКЕРСКА КУЌА НОВИ ТРИГЛАВ АД СКОПЈЕ | 24 |
| ОХ | ОХРИДСКА БАНКА А.Д.-СКОПЈЕ | 298 |
| ПЕ | БРОКЕРСКА КУЌА ПЕОН БРОКЕР АД СКОПЈЕ | 759 |
| ПТ | Поштел Брокер АД | 468 |
| СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | 865 |
| СЛ | "ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА" А.Д. СКОПЈЕ | 129 |
| ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | 698 |
| ТН | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | 1009 |
| ФР | БРОКЕРСКА КУЌА ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | 319 |




## Работа со државни хартии од вредност

Во текот на 2011 година, Депозитарот ја имаше улогата на Регистар на Државните хартии од вредност, чиј Издавач е Министерството за финансии на Република Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на Примарниот пазар на државни хартии од вредност:

| | |
|---|---|
| **број на емисии на тримесечни државни записи** | 41 |
| **број на емисии на шестмесечни државни записи** | 16 |
| **вкупно запишана вредност на државните хартии од вредност** | 55.571.900.000,00 денари |

Во следнава табела се прикажани податоци за порамнувањето на трговските трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| | |
|---|---|
| **број на трговски трансакции порамнети во реално време** | 20 |
| **Истргуван износ** | 5.736.529.661,00 денари |
| **Број на учесници во трговските трансакции** | 6 |

## Увид во акционерски книги

Во текот на 2011 година со несмален интензитет се извршуваше увид во податоците од акционерските книги. Следната табела содржи податоци за остварувањето на ова право на акционерите:

| Година | Увид на работна станица во ЦДХВ | Подигнати копии од акционерски книги |
|---|---|---|
| 2011 | 39 | 55 |

## Податоци за преземање на акционерски друштва

Во текот на 2011 година беше извршено преземање на две акционерски друштва согласно Законот за преземање на акционерски друштва.

Податоците околу преземањата се следниве:

| Датум | Акционерско друштво | Број на преноси | Вредност на преземањето |
|---|---|---:|---:|
| 08.08.2011 | Комуна АД Скопје | 114 | 88.695.090,00 |
| 18.11.2011 | Тајмиште АД Кичево | 5 | 10.243.950,00 |

## Податоци за обврзници по старо девизно штедење

### Општи податоци

Во табелата која следи  се прикажани податоци за вкупниот број на иматели на обврзници по старо девизно штедење, и нови иматели во 2011 година согласно доставените податоци од деловните банки.

| | |
|---|---|
| Број на иматели на обврзници од старо девизно штедење | |
| | |
| Домашни физички лица | 121.021 |
| Домашни правни лица | 306 |
| Стански физички лица | 4.889 |
| Странски правни лица | 14 |
| | **126.230** |
| | |
| Институционални сметки | 42 |
| Број на штедни партии | 154.509 |
| | |
| Нови иматели на обврзници во 2011 год. | |
| | |
| Домашни физички лица | 760 |
| Домашни правни лица | 3 |
| Стански физички лица | 164 |
| Странски правни лица | 1 |
| Институционални сметки | 0 |
| | **928** |
| | |
| Број на штедни партии | 881 |

### Берзански трансакции

Во тек на 2011 год се склучени 73 берзански трансакции со обврзниците за старо девизно штедење во износ од 161.997,00 Евра.

## Број на штедни партии доставени од страна на деловните банки во текот на 2011 година

Следната табела и графикон содржат податоци за доставените штедни партии од страна на деловните банки, по месец, за 2011 година.

| Месец | Број на штедни партии | Износ (Евра) |
|---|---|---|
| 01 | 79 | 23.815,12 |
| 02 | 69 | 65.331,17 |
| 03 | 55 | 31.533,02 |
| 04 | 61 | 137.860,91 |
| 05 | 69 | 84.543,51 |
| 06 | 70 | 128.752,69 |
| 07 | 73 | 283.293,02 |
| 08 | 83 | 173.789,21 |
| 09 | 93 | 190.510,26 |
| 10 | 86 | 116.509,09 |
| 11 | 80 | 72.430,96 |
| 12 | 63 | 32.198,52 |
| **Вкупно** | **881** | **1.340.567,48** |




Графиконот и табелата прикажуваат податоци за доставените штедни партии од страна на деловните банки, по што се отвораат нови сметки на сопствениците на обврзници.

## Нетрговски преноси на сопственост

Следниот графикон, содржи податоци за бројот на нетрговски преноси спроведени во Депозитарот врз основа на подарок, наследство и сл.




## IV. Главни фактори и околности што влијаат на определувањето на работењето

### Промени во опкружувањето во чии рамки дејствува друштвото

И покрај последиците од појавата на економската криза која ја зафати економјата на глобално ниво, што имаше влијание и на пазарот на капитал во Република Македонија, имајќи предвид дека приходите на Депозитарот доминантно произлегуваат од порамнувањето на берзанските трансакции, деловната година 2011 друштвото ја заврши со позитивен финансиски резултат - нето добивка 12.234.901,00 денари.

Во текот на 2011 год  беа спроведени повеќе активности за унапредување на работата на друштвото, со цел усогласување на работата на Депозитарот според пропишаните меѓународни стандарди за работа на институции од ист ранг.

### Политика на вложувања за одржување и подршка на успешноста во работењето вклучувајќи ја и политиката на дивиденди

Политиката на вложувањата на Депозитарот како суштински дел за одржување на тековната ликвидност и солветност на друштвото е насочена, така што слободните парични средства добиени од тековните трансакции ги насочи како вложувања кои се чуваат до доспевање како средства вложени на име на девизни и денарски депозити во нашите деловни банки. Во 2011 година друштвото има средства вложени во денарски депозити во износ од 59.600.000,00 денари, додека на средства вложени на име девизни депозити во износ од 177.693,69 Евра.

Приходите од камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кои се однесуваат, независно дали се наплатени или не.

Политиката на дивиденда на друштвото во досегашното работење е водена во насока да добиената деловна нето - добивка и делот предвиден за распределба на нето добивката во дивиденда се врши во паричен износ согласно акционерска книга со пресек на состојбата на 31.12. во претходната година.

## Извори на средства на друштвото

Главнината на Депозитарот се состои од Уплатениот капитал, Резерви и Ревалоризациони резерви, Акумулирана добивка.

Капиталот претставува сопствен траен извор на средства за работење на Депозитарот.
Капиталот на друштвото изнесува 790.020 ЕУР и се состои од 6000 обични акции со право на глас.

Номиналната вредност на една акција изнесува 131.67 ЕУР.

Капиталот може да се користи за покривање загуба, доколку резервите не се доволни за тоа.

Законските резерви се формираат во висина од 15% од остварената добивка, врз основа на законските одредби, и нивното ниво не може да биде пониско од 20% од основната главнина на друштвото. Резервниот фонд на Депозитарот е на ниво согласно позитивните законски одредби во Р.Македонија.

Ревалоризационите резерви се формирани врз основа на извршената ревалоризација на основните средства и амортизацијата врз основа на Македонските сметководствени прописи. Во согласност со законските прописи салдото на ревалоризационата резерва по годишна сметка за 2011 година се евидентира во рамките на Резервите и оваа резерва не е предмет на распределба.

## Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина и политика на управување со ризикот

Обврски по долгорочен долг Депозитарот нема , па секакво споредување на однос спрема основната главнина и догорочниот долг неможе да се направи.

Единствени обврски кои Депозитарот ги има согласно Билансот на состојба со 31.12.2011 год, се обврските од добавувачите во тековните обврски, обврските за вкалкулирани награди за органите на управување и менаџментот за 2011 година и обврските спрема Државата и тоа обврските од данок на добивка и обврски по данок на додадена вредност. Истите обврски кон добавувачите и Државата се пресметуваат со 31.12.2011 год , а се плаќаат согласно даночната регулатива на Македонија на 15 Јануари

2012 год, додека обврските за вкалкулирани награди за органите на управување и менаџментот за 2011 год, се исплаќаат во 2012 год , до денот на доставувањето на Даночниот Биланс за 2011 год.

Во поглед на политиката на ризикот, друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од дејност на неговото работење па затоа, истото е и подложно на следните ризици од користењето на финасиските инструменти:

- Кредитен ризик
- Каматен ризик
- Ризик од ликвидност и
- Пазарен ризик

Рамката за управувањето со ризици е воспоставена со цел идентификување и анализа на ризиците со кои Друштвото се соочува, со поставување на соодветни лимити на ризиците, како и контрола и следење на истите и придржување до лимитите на истите.

**Кредитен ризик**
Депозитарот нема значајна концентрација на кредитен ризик, со оглед дека клиенти на друштвото се брокерските друштва и овластените банки како и акционерските друштва. Политиката на Депозитарот е со цел да го намали кредитниот ризик, а тоа е целосна наплата на побарувањата при самата продажба на своите услуги, додека за побарувањата кои неможат да се наплатат се врши нивна редовна исправка на вредност со цел истите да се доведат до нивната објективна надоместлива вредност.

**Каматен ризик**
Депозитарот е изложен на ваков тип на ризик доколку има промени во каматните стапки за користени кредити и позајмици кои Депозитарот воопшто такви категории нема. На датумот(31.12.2011 год) на Билансот на состојба, Депозитарот нема обврски по основ на кредити и позајмици, па според тоа нема изложеност на ваков ризик.

**Ризик на ликвидност**
Депозитарот секогаш па и во деловната 2011 год има доволно готовина на располагање за подмирувањето на сите доспеани обврски. Друштвото има имплементирано сметководствени и контролни политики и континуирано ги следи своите парични текови.

**Пазарен ризик**
Пазарен ризик е ризик на промени во пазарните цени и промена на девизните курсеви и каматни стапки кои севкупно влијаат врз приходите на Депозитарот ,или на вредноста на поседуваните финансиски инструменти. Целта на депозитарот е да го контролира овој ризик по прифатливи параметри.

Ризикот од девизните курсеви настанува доколку Депозитарот влегува во трансакции со странска валута, со исклучок на паричните средства на девизните сметки во банки и орочените девизни депозити што Депозитарот

ги има во деловните банки во земјата.Според движењето на курсот на Еврото бидејќи, само девизните депозити како средства се во валутна единица Евро немало никакви промените на истата со денот на составувањето на Биласот на состојба на 31.12.2011 год и 31.12.2010 год. Депозитарот нема искажано Обврски во странска валутна единица со состојба 31.12.2010 год и состојба на сочинување на Биланс на состојба со 31.12.2011 год.

**Скопје, Март 2012**